# Дигитален репозиториум COBISS.MK – dCOBISS

**м-р Елизабета Трпческа Петрушевска**, библиотекар советник
НУ Библиотека "Кочо Рацин" – Тетово
Е-пошта: *elizabeta_petrusevska@yahoo.com*

**Абстракт**

Дигитален репозиториум COBISS (dCOBISS) е апликација која е наменета за чување на дигитални објекти и управување со дигитални содржини. Апликацијата е достапна за сите библиотеки кои се дел од системот COBISS. dCOBISS е самостојна апликација која е одвоена од другите апликации на IZUM, но истовремено е тесно поврзана со COBISS3 / каталогизација, COBISS +, Sicris, COBISS3 / зајмување и со тенденција за поврзување со другите сегменти. Од септември 2020, оваа апликацијата е достапна за сите библиотеки кои се дел од системот COBISS.Net, а библиотеките кои се дел од системот COBISS.MK имаат пристап до централниот репозиториум dCOBISS.МК. Во 10.2021 вкупниот број на објави во dCOBISS.МК е 510, а заклучно со 05.06.2023 вкупниот број на објави е 3146, од кои најголемиот дел содржат приказ на корици од книгите, а мал дел содржат пдф датотеки и неколку аудио датотеки.

**Клучни зборови:** Дигитален репозиториум, објава, библиографски запис, дигитална содржина

## Дигитален репозиториум COBISS.MK – dCOBISS

Во дигиталниот репозиториум dCOBISS се управува со објави. Објавите содржат информации за библиографскиот запис, информации за лиценцирање, ограничување на пристап (ембарго), верзии и датум на објавата. Објавите кои се креираат во овој репозиториум се базираат на COBISS-ID и за додавање на нова објава во дигиталниот репозиториум, потребен е COBISS библиографски запис. Тоа значи дека најпрво треба да се креира библиографскиот запис во COBISS3 / Каталогизација, а потоа се прави додавање на дигитална содржина. Ова ја покажува тесната поврзаност помеѓу апликацијата dCOBISS и останатите сегменти на системот COBISS. Секој библиотекар кој има привилегија за внес на фондот во

сегментот COBISS3/Фонд може да внесува содржини во дигиталниот репозиториум. Внесените содржини се зачувуваат во репозиториумот и истите преку апликацијата COBISS+ се достапни за сите корисници на библиотечни услуги. Графичките датотеки ја  прикажуваат сликовната граѓа, насловите страници од книгите додека текстуалните датотеки може да се однесуваат на дел од текстот или на цел текст. При пребарување во COBISS+ корисниците на библиотечни услуги можат да ги видат овие датотеки и по потреба да ги зачуваат на својот компјутер или да ги испечатат. Ова се однесува за датотеките кои се внесени во дигиталниот репозиториум без задавање на одредено ограничување на пристап.

Функционалности на дигитален репозиториум се:

- внесување и управување на објави
- чување на дигиталните објекти
- поддршка за приказ на насловните страници на записите во COBISS+
- можност за пребарување по заемниот калог COBIB и зачуваните податоци во апликацијата dCOBISS
- индексирање на текстуални содржини и можност за пребарување во COBISS+ по полн текст
- можност за поврзување и преод во dCOBISS непосредно од C3/Каталогизација
- можност за пребарување по заемниот каталог и заќуваните податоци во dCOBISS и др.

Додавање на мултимедиска содржина се реализира преку програмската поддршка COBISS3/Фонд. Библиографскиот запис на кој треба да се додаде мултимедиска содржин се избира на работниот простор и преку методот Додај дигитална содржина во dCOBISS се додава датотеката (Слика 1)



*Слика 1: Додавање дигитална содржина*

Додавањето се прави со Креирање на нова објава, а датотеката се внесува во Додадени датотеки што припаѓаат на објавата (Слика 2)



*Слика 2: Креирање на нова објава во Додадени датотеки*

Дигиталната содржина која ја додавате (во конретниот случај сликата) се прикачува и станува достапна за корисниците при пребарување во COBISS+ (Слика 3)



*Слика 3: Приказ на дигитална содржина (слика од корицата) во COBISS+*

Иста е постапката за додавање на пдф или аудио датотека. Внесените дигитални содржини стануваат достапни за сите корисници при пребарување во COBISS+.

**Заклучок**

**Дигиталниот репозиториум е апликација која овозможува складирање и управување со дигиталните содржини. Дигитализацијата на пишани, сликовни, аудио и други записи во библиотеките ќе овозможи зачувување на знаењето и културното наследство за идните генерации. Дигиталниот репозиториум има голема важност и за академските институции на кои им е потребен отворен пристап до публикациите. При креирањето на овие објави во дигиталниот репозиториум можат да се внесат многу податоци, како податоци за проекти од кои е финансирана публикацијата, финансиери и трошоци за публикациите со отворен пристап што е од особена важност за корисниците. Секоја внесена објава во дигиталниот репозиториум ја збогатува нашата база, а на корисниците им нуди повеќе различни содржини.**

(стручен труд)

м-р Томислав Каранфиловски, виш библиотекар

НУБ „Св. Климент Охридски“ - Скопје

# Критериуми за отпис на библиотечни материјали

**Апстракт**

Во трудот се објаснува процесот на отпишување библиотечни материјали во рамки на развивањето библиотечни фондови. Трудот има цел да го потенцира значењето за развој на пишани програми за развој на фондовите во чии рамки задолжително ќе стане збор и за отпишувањето библиотечни материјали. Трудот ги разгледува општите критериуми за отпишување библиотечни материјали сугерирани од страна на методот CREW (континуиран преглед, евалуација и отпишување).

**Клучни зборови**: отпишување библиотечни материјали, критериуми, модел CREW.

Отпишувањето библиотечни материјали во библиотеките е важен (неизоставен) дел од менаџирањето со фондовите. Не може да стане збор за добро управување со библиотечните фондови доколку истите не подлежат на отпишување или деселекција. Имено, развивањето квалитетни фондови не може да се замисли доколку истите не се „прочистуваат“ на одредено време. Колку што е важен процесот на селекција на библиотечни материјали, кој практично е во самиот центар на набавната дејност, исто толку е важен и процесот на отпишување или деселекција.

Доколку сакаме да имаме квалитетни процеси на селекција и деселекција во рамки на развивањето квалитетни фондови, потребно е библиотеките да имаат пишани документи (политики – collection development policies) кои ќе ги гарантираат најважните критериуми врз кои ќе се спроведуваат споменатите процеси. Пожелно е библиотеките да се придржуваат до овие политики, но и истите да подлежат на ревизии доколку потребите на самата библиотека и заедница тоа го бараат. Тука секако се поставува прашањето колку македонските библиотеки (без разлика на видот) имаат вакви политики и колку се придржуваат до истите. Праксата покажува дека нашите библиотеки немаат развиена пракса на креирање политики за развој на фондовите, туку начините на кој оваа важна структурна дејност се одвива е повеќе водена инстинктивно, научена/усвоена од повозрасните/претходните кадри и водена повеќе по принципот на моменталните потреби, отколку со некакви среднорочни или долгорочни планови.

Пред да почнеме да го анализираме подлабински отпишувањето библиотечни материјали, потребно е да го ситуираме во рамки на поширокиот процес - развивање библиотечни фондови. Пред сè, потребно е да ја имаме предвид **заедницата** на која библиотеката ѝ служи. Доколку станува збор за универзитетска библиотека, јасно е дека корисниците во најголем дел доаѓаат од академска заедница составена од студенти, професори и научно-истражувачки кадар. Секоја заедница ќе има свои специфични потреби и барања. Како што споменавме – доколку сакаме да имаме **квалитетна селекција** на материјали, потребно е претходно да имаме **документи (политики)** кои се од стратешко значење за институцијата и за самиот процес на развивање на фондовите. По селекцијата на материјали, следниот чекор е самиот процес на набавка кој подразбира одредени техникалии и начини на добивање на селектираниот материјал – доколку се работи за купување материјали – станува збор за комуникација со издавачи, изготвување нарачки, следење на патот на пристигнување на селектираните материјали итн.

Набавната дејност, во чија срцевина е селекцијата, оди рака под рака со отпишувањето/деселекцијата на материјали. Иако, потценет процес и недоволно дискутиран во библиотеките во споредба со селекцијата и набавката, отпишувањето е исклучително важна компонентна доколку сакаме да имаме рамнотежа во самата селекција. Едноставно, нема да имаме квалитетни фондови кои ќе служат на заедницата доколку немаме добро развиена политика и практика на отпишување.

Во прилог е даден приказ на процесот на развивање фондови според авторите Едвард Еванс и Маргарет Зарноски Сапонаро (Evans, Saponaro, 2005 : 8).




Слика 1. Процес на развивање фондови (Collection Development Process)

Концептот отпишување на библиотечни материјали е разгледуван од повеќе автори. Авторката **Џудит Банда** во трудот: **„Преглед на практиките на отпишување печатени материјали во високошколските институции во Замбија“** (2020), наведува како овој концепт е дефиниран. „На пример, Јусуф (2016) го дефинира отпишувањето како постојана и периодична евалуација на библиотечните ресурси чија цел е отстранување на застарени, оштетени или ретко користени книги. Линд (2015) го дефинира отпишувањето како процес на отстранување на информациски ресурси од фондовите. За Џонстон (2011), отпишувањето е процес на отстранување и оттуѓување материјали од библиотечните фондови кои ги исполнуваат критериумите поставени во документите (политики) за развој на фондовите. Според Баумбах и Милер (2006) отпишувањето е акт на реевалуација на примероците во фондот и отстранување на сите оние кои се неточни, застарени, манипулативни, несоодветни, недоволно користени, во лоша физичка состојба или на некој начин штетни за студентите. И покрај различните дефиниции, отпишувањето е есенцијален елемент кој осигурува дека библиотечните материјали се корисни и достапни за корисниците (Banda, 2020 : 3)“.

Американската библиотекарска асоцијација напоменува дека „во универзитетските библиотеки одржувањето на фондот и процесот отпишување ги рефлектира мисиите, целите и потребите на универзитетите/колеџите и нивните наставни програми. Во повеќето универзитетски библиотеки значајна улога во процесот отпишување игра библиотекарот-специјалист за одредена област (subject specialist librarian). Документите (политики) на универзитетските библиотеки што се однесуваат на одржувањето на фондовите и отпишувањето може да бидат прилично обемни и честопати ги опишуваат на детализиран начин критериумите за секој формат и област. Универзитетските библиотеки ги користат аспектите како што се циркулација, публикување и податоците за специфични области за да ги одредат процесите на отпишување. Овој тип библиотеки вообичаено се вклучени во одобрувачки процес кој е составен од повеќе чекори кога се земаат предвид материјалите за отпишување. Универзитетските библиотеки честопати ја користат методологијата за отпишување наречена MUSTIE (misleading, ugly, superseded, trivial, irrelevant, or obtained elsewhere) или CREW (continuous review, evaluation, and weeding). Процесот на разгледување/преглед (review) може да вклучи повеќе библиотекари, да го вклучи факултетот надвор од библиотеката и/или управникот на библиотеката“.

Во прилог е даден приказ на моделот CREW.




Слика 2. Методот CREW (The CREW Method)

Според Прирачникот: „CREW: a weeding manual for modern libraries“, „веднаш штом публикациите ќе влезат во процесот на **циркулација,** тие стануваат дел од процесот CREW – континуиран преглед, евалуација и отпишување. Секој примерок има свој животен циклус. Па така, одредена нова публикација е популарна на почеток, циркулирајќи почесто за краток временски период. Потоа, примерокот останува на полиците, циркулирајќи повремено. Во многу случаи, примерокот станува истрошен, информацијата застарена/надмината со нови информации или едноставно темата и третманот на темата не е повеќе од интерес на поголемиот дел од корисниците. Тогаш кога библиотекарот открива низ евалуација и отпишување дека корисниот живот на дадена публикација е завршен, примерокот се отстранува од фондот“ (Larson, 2012 : 13).

Според овој Прирачник, има шест придобивки од процесот отпишување: (Larson, 2012 : 15-16)

- Библиотеката заштедува простор
- Библиотеката заштедува време
- Фондот станува попривлечен
- Библиотеката станува поугледна
- Библиотеката е во чекор со потребите на фондот
- Библиотеката има постојан одговор за силните и слабите страни на фондот

Тука се поставува и прашањето кои се позначајните критериуми за отпишување библиотечни материјали. Ги издвојуваме следниве: (Larson, 2012: 19-21)

**Сиромашна содржина:**

- **Застарани информации** (посебно за области кои се менуваат брзо и бараат апсолутна тековност како што се компјутерски науки, право, медицина, технологија...
- **Тривијали теми** - вклучувајќи такви за кои нема повеќе интерес или такви кои биле обработувани површно заради популарност во одредено време, како и наслови поврзани со застарена популарна култура.
- **Просечен стил на пишување** – посебно материјали кои биле напишани набрзина за да исполнат одредени критериуми на популарност која поминала
- **Неточни или лажни информации** – вклучувајќи застарени информации и извори кои се надминати со нови наслови или едиции.
- **Недоволно користени комплети на книги** (иако може да се зачуваат специфични комплети доколку ги исполнуваат локалните потреби и се користат)
- **Повторувачки серии** – посебно серии кои не се повеќе популарни или биле публикувани за да исполнат одредени популарни барања кои повеќе не постојат
- **Надминати едиции** (генерално, не е неопходно да се има повеќе од една претходна едиција отпишувајќи ги истите како што новите едиции стануваат дел од фондот)
- **Ресурси кои не се дел од стандардизирани извори за рецензија** или кои никогаш претходно не биле прегледувани во стандардизирани извори за рецензија
- **Материјали кои содржат двосмислена, расистичка, хомофобна или сексистичка терминологија**
- **Непотребни дупликати –** посебно ако се оштетени
- **Лично печатени материјали кои не циркулираат,** посебно ако се внесени како подароци

**Материјали со лош изглед:**

- **Оштетени примероци**
- **Лошо печатени едиции**
- **Изгребани ЦД и ДВД примероци**
- **Различни медиуми со скршени делови**
- **Книги кои се пожолтени и искинати и на кои им недостасуваат страници**

**Недоволно користени материјали:**

- **Примероци кои не циркулирале во последните 3-5 години**

- **Дупликати (копии)** кои повеќе не се потребни без разлика на нивната физичка состојба
- **Сериски публикации кои повеќе не се индексирани**
- **Сериски публикации достапни во датабази со целосен текст**
- **Недоволно користени серии**
- **Книги кои повеќе не требаат за ниту една област**
- **Формати кои не се популарни во заедницата,** особено ако технологијата која е потребна за таквите формати не се користи повеќе во заедницата
- **Материјали кои веќе не се важни за фондот,** поради промените во локалната демографија, за наставните содржини или други фактори

**Фактори за отпишување**

- **Датум** – кога е објавена публикацијата
- **Автор** – дали авторот уште е читан или има изгледи да биде читан во иднина?
- **Издавач** – дали книгата е лично издадена или е издадена без да се води сметка за редакцијата и печатењето?
- **Физичка состојба** – дали има фактори кои го прават материјалот неатрактивен?
- **Дополнителни копии/примероци** дали има повеќе достапни копии во подобра физичка состојба?
- **Други книги од истата област во фондот –** ако одредена книга е отпишана, дали има други кои се достапни?
- **Трошок за замена –** дали може материјалот да биде заменет? Дали станува збор за скап материјал кој е подобро да биде физички репариран отколку да се замени со друг?
- **Време на полица –** колку време примерокот е на полица без да циркулира?
- **Релевантност на темата за заедницата** – дали заедницата се интересира за материјалот?

Кога станува збор за **материјали кои се однесуваат на деца и млади луѓе**, треба да се земат предвид следните аспекти?

- **Формат** – меките корици се попожелни наместо тврдите со оглед на тоа дека станува збор за деца
- **Ниво на читање –** дали нивото е многу високо или ниско за младите корисници кои би биле заинтересирани за примерокот?
- **Моментален интерес за дадената област** – дали и колкав е интересот за дадената област?
- **Визуелен изглед** – дали се илустрациите во боја? Дали се фотографиите јасни?
- **Модерно наспрема застарено** – дали книгата личи како нешто кое бабите или дедовците некогаш го читале?
- **Употреба во наставните програми –** дали книгите се соодветни за степенот на одделение во кое се изучува дадената област? Дали наставниот кадар се придржуваат до одредени наслови?

Кога станува збор за **сериски публикации** треба да се имаат предвид следните аспекти:

- **Тековна употреба** – мал број сериски публикации се користат пет години од нивното објавување
- **Интерес за употреба на постарите броеви** – дали библиотеката дозволува постарите броеви да се позајмат? Дали корисниците имаат потреба од постари броеви?
- **Публикации со импакт-фактор** – дали сериската публикација е со импакт-фактор?
- **Целосна достапност во онлајн бази на податоци** – дали корисниците ќе можат да ги пронајдат потребните трудови потребни за истражување во библиотечните онлајн бази на податоци?
- **Достапен простор** – дали библиотеката има доволен простор да ги смести постарите броеви кои не се редовно користени?

Во прилог наведуваме неколку линкови со документи каде што се дадени политики за отпишување библиотечни материјали.

https://home.hamptonu.edu/library/wp-content/uploads/sites/54/2022/05/20220524154830-14199-weeding_procedure_5.20.2022.pdf
https://libguides.limestone.edu/c.php?g=544879&p=5704313
https://www.nyla.org/images/nyla/files/SPG-CollectionManagement-Buffalo.pdf
https://www.canadianschoollibraries.ca/collection-diversity-toolkit/equity-informed-weeding/
file:///C:/Users/user/Downloads/Library-Weeding-Policy.pdf

**Користени извори:**

Banda, Judith. 2020. A survey of weeding practices of print materials in libraries of higher learning institutions in Zambia. Lusaka: University of Zambia
Evans, G. E., Saponaro, M. Z. 2005. Developing Library and information center collections. Westport, London: Libraries Unlimitied
Larson, Jeanette. 2012. CREW: A Weeding Manual for Modern Libraries

**Abstract**
The paper explains the process of weeding library materials within the framework of developing library collections. The purpose of the paper is to highlight the significance of the development of written programs for collection development, within the framework of which there will necessarily be a discussion about weeding library materials. The paper discusses the general criteria for weeding library materials suggested by the CREW (continuous review, evaluation and weeding) method.

**Key words:** weeding library material, criteria, CREW model

# УЛОГАТА НА БИБЛИОТЕКАТА И ПРОФЕСИОНАЛНОСТА НА БИБЛИОТЕКАРОТ ВО НАСТАВАТА / ОБРАЗОВАНИЕТО

Стручен соработник- библиотекар
Анета Велкоска ОДА




(стручен труд)

ООУ,,Кирил Пејчиновиќ" – Скопје, Македонија

aneta.7.atena@gmail.com

## Апстракт

Улогата на библиотеката и професионалноста на библиотекарот во наставата / образованието е специфична тема за која многу малку се зборува и се знае, а од која многу се очекува и бара. Училишната библиотека го претставува срцето на училиштето, додека библиотекарот е менаџер на културно – образовната клима во истото. Како што библиотеките прераснуваат во информативни, библиотечни, културни и мултимедијални центри така и стручниот соработник – библиотекар добива улога со комплексни, динамични, мултикултурни и менаџерски квалитети и способности.



Успешното менаџирање во училишните библиотеки во современите училишта може да има огромно влијание во процесот на подобрување на квалитетот на образованието и на глобално ниво. Во нашата земја менаџирањето на училишната библиотека е поставено на маргините од воспитно – образовниот процес. Доколку се сфати професионалноста на остварувањето на библиотечната мисија во современиот свет тогаш практично ќе се пристапи кон искористување на сите ресурси во библиотеката и сите можности од ефективното менаџирање на истата. ,,Доброто училиште по добрата библиотека се познава''.

Клучни зборови: библиотека, библиотекар, настава, образование, менаџер, мултикултурни, современи, училишта, мисија, ресурси.



## Вовед

<u>УЛОГАТА</u> на библиотеката и професионалноста на библиотекарот во наставата / образованието како теорија на менаџмент и научно употребување на овој термин има статус на млада наука, но праксата на истата е стара колку и самата цивилизација. Училишните библиотеки се основни клетки во образовниот процес на учениците и наставниот кадар во кои организирано се дава и пренесува знаење. Сите учебници, книги, лектири, прирачници, енциклопедии, списанија и друга литература се чуваат,се позајмуваат и се користат преку стожерот на писменоста во училиштето – библиотеката. Библиотеките се едрата на образованието. Ветрот е знаењето. За успех не е важно од каде дува ветрот – важно е како ќе се наместат едрата. Кога знаењето од библиотеките ќе биде во служба на наставниот процес тогаш напредокот на учениците и наставниците ќе биде загарантиран.



## Писменоста започнува во библиотеката

Писменоста започнува во библиотеката на словенските браќа Кирил и Методиј. Тие се првите македонски библиотекари, а нивните ученици Климент и Наум се првите создавачи на словенските книжевни фондови.Со нивните манастирски библиотеки започнува историјата на македонското библиотекарство. Библиотеките отсекогаш важеле за културно – образовни центри кои што за цел имале описменување на македонскиот народ. Во сегашноста таа улога им припаѓа на училишните библиотеки кои што претставуваат ризници од знаења и располагаат со сета потребна литература за реализирање на сите современи концепции за развојот на образованието. Како што кажал Галилео Галилеј ,,Луѓето не можеме ништо да ги поучиме. Можеме само да им помогнеме, да го откријат тоа во себе’’. Книгата е секогаш најдобриот избор за тоа.



## Колку си личат библиотекарството и менаџментот?

Колку си личат библиотекарството и менаџментот покажува меѓусебната поврзаност на континуирани активности кои се извршуваат во библиотеката како што се планирањето, организирањето, водењето и контролата на ресурсите кои ги извршува библиотекарот преку работата со учениците и со наставниците. Неговата стручност е во остварувањето на библиотечната мисија во современата настава. Како што рекол Дени Дидро ,,Луѓето престануваат да мислат кога ќе престанат да читаат’’. Истото се случува и кога ќе престанат да го менаџираат знаењето.



## Професионален библиотекар – модерна библиотека

Професионален библиотекар – модерна библиотека гласи мотото за улогата на библиотеката да ги постигне бараните потреби во наставниот процес. Библиотеката е задача, цел и предизвик за секој професионален библиотекар. Успехот зависи од креативноста, идеите и отвореноста кон нови активности кои треба да бидат идентификувани и да го следат интересот на корисниците. Професионалниот библиотекар им го презентира читањето на учениците како ,,сонување со отворени очи,, додека книгата им ја претставува како што рекол Нил Гејман ,,сон што го држиш в раце''.



## Библиотеката е музеј на желби

Библиотеката е музеј на желби или како што кажал Мишел де Монтана ,,Нема поевтина забава и подолготрајно задоволство од читањето''. Според Манифестот ,,училишната библиотека е интегрален дел од образовниот процес'' и можеме да кажеме дека е современа доколку е достапна, буди интерес за читање, информира, организира воннаставни активности, во тек е со наставните планови и програми, воведува иновации, овозможува пристап до извори на знаење, развива нови методи и техники за работа. Библиотекарот за да биде професионален потребно е постојано да го надградува своето знаење и во училиштето да ја работи работата што е поврзана со библиотеката. Борхес рајот го замислувал како огромна и прекрасна библиотека, а за да биде таква библиотеката треба да биде чувана, одржувана и надградувана. ,,Како што книгите ја бришат прашината на душата од секојдневниот Живот'' така треба да се бришат сите пречки што го оневозможуваат нормалното функционирање на библиотеката со сите нејзини идеи и квалитети.



## Библиотекарот е слугата, а библиотеката господарот

Библиотекарот е слугата, а библиотеката господарот и беспрекорно функционираат во взаемна поврзаност, надополнувајќи се постојано еден со друг. Библиотекарот е одговорен за библиотеката и тој постои за да ја управува и да ја раководи истата. Библиотеката е господарот кој чека да го изеде јадењето односно знаењето што му го зготвил слугата односно библиотекарот. Исто е и со книгите, програмите, инвентарот, атмосферата, активностите. Каков библиотекар таква библиотека. Колку подобро ќе ги процени библиотекарот гостите односно читачите и корисниците, во случајов учениците толку подобро ќе ја презентира вредноста и квалитетите на својот господар односно библиотеката. На тој начин сите ќе бидат успешни и реализирани, а училиштето ќе дава поддршка и во иднина уште повеќе ќе вложува во креирањето на современа училишна библиотека. Успехот привлекува успех. Професијата училишен библиотекар треба да поседува широк спектар на знаења од областа на литературата, науката,, техниката, психологијата, педагогијата, уметноста, информатиката и секако да биде во тек со сите модерни случувања во земјата и во светот. ,,Луѓето што читаат книги живеат илјадници животи пред да умрат,,. Луѓето што веруваат во чуда читаат многу книги. Во книгите е собран сиот свет. Стани господар на својот живот со помош на моќта на книгите.

## Образованието е прозорец кон светот

Образованието е прозорец кон светот. Знаењето е моќ. Книгата е алатка за успех. Волшебните нешта постојат и денес. Ги има во книгите. Најважниот концепт во денешното современо образование претставува управувањето со знаењето. Современото библиотечно работење е значаен извор што мудро, одговорно и кративно раководи со сето светско знаење што свесно му е оставено во аманет и наследство. Една стара англиска молитва го поучува човекот како да има среќен и успешен живот: Работа – тоа е цената на успехот, Размислување – тоа е изворот на моќта, Забава – тоа е тајната на вечната младост, Пријателите – тоа е патот кон среќата, Љубовта – тоа е радоста во животот, Смеењето – тоа е музика за душата и Читањето – тоа е фонтаната на мудроста.Образованието е дизајн што му нуди на ученикот да се стекне со знаења за да се искреира во ликот што сака да биде во животот.



# Заклучок

## Библиотеката е срцето на училиштето

,,Кога правите планови за една година – насадете жито. Кога правите планови за десет години – насадете дрво. Кога правите планови за цел живот – подучувајте ги и образувајте ги луѓето''. (Кинеска поговорка) Библиотеката е срцето на училиштето. Кога се прави план за да се создаде едно училиште најпрво треба да се обезбеди простор за библиотеката. Потоа таа библиотека треба да биде опремена со библиотечен материјал, а истиот да биде добро организиран. Кога во таа библиотека
ќе работи стручно оспособен библиотекар, читачите поточно библиотечните корисници самите ќе се појават. Направете план за цел живот. Почнете со библиотеките. ,,Доброто училиште по добрата библиотека се познава''.



## Користена литература


Миле Бошевски; Библиотечно работење во училишните библиотеки (1989) -Скопје
Благој Н. Николов; Гордана Пешевска; Дијана Кирова (2018) – БИБЛИОТЕКАРСТВО (прирачник за подготовка на кандидати за натпреварот ,,Млади библиотекари,,) – Библиотекарско здружение на Македонија, Скопје
Јасминка Соколовска ,,Менаџирање на библиотеката во современото општество,,(2011); Штип
,,Манифест на ИФЛА за училишните библиотеки,, (2003) Библиотекарство 21(1-2), 93-96
Маргарет Џ. (2008) Што е менаџмент, Скопје; Икона
Петровски Д. (1996) ,,Трансформација на библиотеките во Р. Македонија,,;Битола; Друштво за наука и уметност
Силвана Јакимова; Радослав Љубиќ (2020) – Универзална Децимална Класификација (УДК прирачник) – Градска библиотека ,,Браќа Миладиновци,, - Скопје
Gorman Majkl (2006) – Postojana knjiznica – Hrvatsko knizarsko drustvo, Zagreb

## Abstract:

The role of the library and the professionalism of the librarian in teaching / education is a
specific topic about which very little is said and known, and from which much is expected
and demanded. The school library represents the heart of the school, while the librarian is
the manager of the cultural-educational climate in the same. As libraries grow into informational, library, cultural and multimedia centers, so the professional associate -
librarian gets a role with complex, dynamic, multicultural and managerial qualities and
abilities.



Successful management in school libraries in modern schools can have a huge impact in the process of improving the quality of education at the global level. In our country, the management of the school library is placed on the margins of the educational process. If the professionalism of the realization of the library's mission in the modern world is understood, then it will practically approach the use of all the resources in the library and all the possibilities of its effective management. ,,A good school is known by a good library.''



Keywords: library, librarian, teaching, education, manager, multicultural, contemporary, schools, mission, resources.

Катарина Марковска-Саздова

Библиотекар-советник

НУ НУБ „Св. Климент Охридски“ - Скопје, РСМакедонија

mail: kalina_km@yahoo.com

# Библиотеката темел на писменоста

(Улогата на библиотеката и библиотекарот во средните училишта)

**Абстракт**

Предмет на истражување во овој труд е улогата, значењето и помошта од  библиотеката, како и професионалноста на библиотекарот во воспитно-информативниот процес, како за учениците, така и за нивните наставници. Во трудот е направена анализа на работата на библиотека во средно училиште. Истражувањето е извршено преку интервју со вработената професорка/библиотекарка во СУГС Гимназија „Јосип Броз Тито“,  општина Центар од Скопје, РСМакедонија.

**Клучни зборови:** анализи, библиотеки, средно училиште, професионалност, библиотекар.

**Вовед**

**Библиотекарство** претставува наука за обработка и давање на користење на информативни ресурси, воедно е и севкупната дејност на библиотеките и библиотечните работници. Па така можеме да кажеме дека **библиотекарството** е збир на сознанија и знаења за принципите на селекција, набавка, организација и користење на печатените информации, во согласност со информациските барања и потребите на одредена група корисници. Библиотекарството не е само услужна туку е и лидерска професија, нудејќи многу можности и нудејќи помош на заедницата и нејзините членови преку задоволување на потребите за информации, како и обликување и насочување таа заедница.

Поимот **Библиотека** доаѓа од грчкиот збор **bibliotheke** што значи збирка книги. Меѓутоа, низ историскиот развој на библиотеките и библиотечната дејност, особено со нејзиното институционализирање, доаѓа до измени и дополнувања на оваа дефиниција. И покрај тоа што денес може да се сретнат повеќе дефиниции за библиотека, заедничко за сите нив е дека библиотеката е институција што собира, стручно обработува, чува и дава на користење библиотечен материјал.

Библиотеката е збирка на материјали, книги или медиуми кои се достапни за употреба, а не само за прикажување. Библиотеката обезбедува физички (хард копии) или дигитален пристап (меки копии) материјали и може да биде физичка локација или виртуелен простор, или и двете.

Збирката на библиотеката може да вклучува печатени материјали и други физички ресурси во многу формати како што се ДВД, ЦД и

касета, како и пристап до информации, музика или друга содржина што се чува во библиографски бази на податоци.

Услугите што ги нудат библиотеките различно се опишуваат како библиотечни услуги, информативни услуги или комбинација „библиотечни и информациски услуги“, иако различни институции и извори различно ја дефинираат таквата терминологија.

Библиотеката, која може многу да се разликува по големина, може да биде организирана за употреба и одржувана од јавно тело како што е владата; институција како што е училиште или музеј; корпорација или приватно лице.

**Истражување**

Како што е веќе споменато библиотеката е столбот на сите образовни институции кои обезбедуваат широк опсег на информациски ресурси, кои прогресивно  влијаат врз националниот напредок. Тие играат важна улога во современото општество за образование и истражување. Со други зборови, тоа е важна алатка за развој на општеството преку зајакнување на каузата за образование и академско истражување, обезбедувајќи информации за илјадници луѓе на кои им се потребни.

Во овој труд сакам да посветам внимание на библиотека во средно училиште.

Училишната библиотека е препознаена како информативен центар за учење, екипиран од сертифицирани и професионални училишни библиотекари, кој соработуваат со едукатори.

Предмет на истражувањето е улогата, значењето и помошта од библиотеката, како и професионалноста на библиотекарот во образованието, за учениците и нивните наставници. Покрај обезбедувањето материјали, библиотеките обезбедуваат и услуги на библиотекари кои се обучени и експерти за наоѓање, избирање, циркулирање и организирање на информации и за толкување на потребите за информации, навигација и анализа на многу големи количини на информации со различни ресурси.

Библиотекарите обезбедуваат непроценлива услуга за одговарање на прашања на посетители, поддршка на истражувачки проекти и едукација на заедниците. Иако нивната работа може да изгледа едноставна за корисниците на библиотека, библиотекарите обезбедуваат сложени и витални услуги за кои обично се потребни магистерски студии. Училишните библиотекари извршуваат голем број задачи секој ден. Тие исто така може да му помогнат на секој ученик кој е заинтересиран да се запише во програма за библиотечни науки, кој ќе сака да ги разгледа должностите на училишниот библиотекар. Овие должности вклучуваат работа и со ученици и со други членови на училиштата, наоѓање нови материјали за библиотеката и обезбедување дека оние што го користат објектот разбираат како да ги користат сите материјали и ресурси. Меѓу најистакнатите задачи на библиотекарите се следниве:

Пронаоѓање на нови материјали и ресурси, помагање на учениците и училиштето, користење и предавање технологија, обучување на нови вработени, како и оцена на изворите кои ќе се користат дали тие ја имаат информацијата која се бара, значи дали е соодветен изворот итн.

Истражувањето е вршено преку интервју со вработената професорка/библиотекарка по македонски јазик во средното училиште **СУГС Гимназија „Јосип Броз Тито“** - Скопје, општина Центар, РС Македонија, која е Прва скопска гимназија, основана од 1 декември 1944 година.



Уште од самиот почеток во склопот на училиштето е сместена училишната библиотека, која е од отворен тип сместена помеѓу двете згради во училиштето во холот, под раководство на професор/библиотекар Јулија Ликовска-Угриновска. Професорката/библиотекарка која е одговорна за библиотеката, има посетувано основен курс за каталогизација во НУ НУБ „Св. Климент Охридски“, Скопје, но библиотеката не е вклучена во COBISS, програмот иако за тоа постои интерес.



Библиотеката располага со книжен фонд поголем од 20.000 единици на македонски, српски, хрватски, руски, англиски, француски, германски, италијански и турски јазик. Библиотеката своите книги ги набавува преку купување од сопствени средства, донации и собирни акции како од учениците така и од други дарители.

Во склоп на библиотеката веќе неколку години се реализира проектот „Клуб на читатели“ со бројни активности:

- литературни читања;
- промоција на литературни дела на ученици од гимназијата;
- промоции на книги и капитални дела;
- организирање на преадавње и панел дискусии на гости предавачи;
- посети на библиотеки;
- саеми на книги;
- хуманитарни акции



Литературата која е во училишната библиотека претежно е стручна, дел е белетристика, како и разни прирачници, лектири, речници итн., но

немаат книги со Брајово писмо. Освен книги, во библиотеката има и списанија и ЦД-а, но слабо се користат.

Што се однесува до статистиката на посетеност, библиотеката е 90% посетена од учениците, а околу прашањето кој е „поголем“ читател, тоа сепак се девојчињата. Во библиотеката исто така членови се и самите наставници, кои користат литература за приготвување на часовите и дополнителни информации за учениците. Интересно е дека професорите преку библиотеката си нарачуваат литература што им треба за секојдневните училишни активности. Освен, стручна литература библиотеката ги опслужува членовите и со литература за слободно време. Учениците се доста одговорни при враќањето на книгите, на време и уредно. Доколку се случи да ја изгуби некој книгата, се настојува да се врати истата, но доколку не може да се најде, дозволено е и друг наслов да се врати.

Во училиштето има деца со посебни потреби, влучени преку инклузивното образование, кои исто така се членови на библиотекта.

Што се однесува до улогата на библотеката во наставата, таа е во секој сегмент поврзана и помага во повеќето наставни предмети. Библиотеката им излегува во пресрет на учениците матуранти при спремањето на матурските проектни задачи. Оваа училишна библиотека им дава голема стимулација на учениците за пишување, преку содржински часови. Мотивација преку учество во „Клуб на читателите“ кој клуб е во рамките на училиштето, како и низа на други литературни активности.



Во задачите на библиотеката е организирањето на разни поетски читања, преку гостувања на македонски писатели, но интересно е дека вакви читања се организираат и за млади писатели т.е. учениците од гимназијата и тие читања се пропратени со голем интерес од страна на учениците и наставниците.

Покрај поетските читања, библиотеката организира промоции на книги во склоп на гимназијата, како од истакнати писатели, така и од своите ученици, чии книги се достапни во самата библиотека.

Кога станува збор за соработка односно правење на некакви работилници во однос на библиотекарството, гимназијата нема пракса да ги подготвува со групи ученици од основните училишта, туку тоа е на ниво на гимназијата или некое друго средно училиште.

Во секој поглед можеме да истакнеме дека ова библиотека, прави напори, успешно учествува и допринесува во наставата/образованието на учениците и

**продолжува да го држи стабилен темелот на писменоста, кој несомнено започнува уште од најраните години на секоја единка.**

**И на крајот може да се истакне дека недостигот и губењето на училишните библиотеки, како ресурси за образование, им го одзема правото на училишните библиотеки да бидат место за ментално и академско растење на учениците.**

**Katarina Markovska-Sazdova**
**Counselor Librarian**
**NU NUB "St. Kliment Ohridski" - Skopje, Republic of North Macedonia**

**mail: kalina_km@yahoo.com**

**Abstract**

**The subject of research in this paper is the importance, importance and help of the library, as well as the professionalism of the librarian in the educational-informational process, both for the students and for their teachers. The paper analyzes the work of a library in a high school. The research was carried out through an interview with the employed teacher/librarian at SUGS Gymnasium "Josip Broz Tito", municipality of Centar from Skopje, Republic of Macedonia.**

**Keywords: analysis, libraries, high school, professionalism, librarian.**

**Користена литература**

**https://kiiky.com/mk/how-to-get-a-library-science-degree-best-schools-programs-cost-requirements/**

**https://en.wikipedia.org/wiki/Library**

**https://www.usnews.com/education/best-graduate-schools/articles/what-library-science-is-and-how-to-become-a-librarian**

**https://mk.wikipedia.org/wiki/%D0%91%D0%B8%D0%B1%D0%BB%D0%B8%D0%BE%D1%82%D0%B5%D0%BA%D0%B0%D1%80%D1%81%D1%82%D0%B2%D0%BE**

Ивана Карајанова

Ова мое излагање би га започнала со реченицата „ Ако имате градина и библиотека, имате се што ви треба “ па поаѓајки од ова мото во рамките на Основното училиште со ресурсен центар „ Кочо Рацин” од Битола е организирана училишна библиотека како посебна единица на образовниот систем на училиштата наменета за воспитно – образовните и културните потреби на учениците со ПОП и наставниот кадар. За училишната библиотека и функционирањето на истата задолжени се одговорни стручни лица – водачи на секцијата и членовите на библиотекарско – медијаторската секција – ученици.

Библиотеката при Основното училиште со ресурсен центар располага со голем фонд на детска литература наменета за учениците со ПОП и со голем фонд на стручна литература наменета за стручниот кадар и за негово стручно усовршување.

Секоја учебна година, во зависност од финансиските можности на Основното училиште со ресурсен центар, а и преку добивање на донации се набавува нов фонд на литература за збогатување на училишната библиотеката, а преку Министерството за образование на РСМ и Бирото за развој на образованието секоја учебна година библиотекатата се збогатува со бесплатни учебници во согласност со наставните планови и програми за работа во тековната учебна година и тековните потреби на наставниците и учениците кои наставата ја следат во Основното училиште со ресурсен центар.

Целта на работата на библиотекарската секција, пред сé е да поттикне и развие љубов кон книгата, чувство на одговорност за нејзино чување и негување, желба за проширување на знаењата и запознавање со нови четива, раскази и песни.

Членовите на оваа секција можат да користат литература поврзана со наставата (учебници, работни тетратки) и литература од научно популарен карактер, блиска за учениците и во рамките на наставните содржини, но во слободна форма за да дојдат до израз ученичките интереси и афинитети. Користењето на литературата од страна на учениците зависи од возраста и индивидуалните споособности и можности на самите ученици, односно литературата се користи според тежински нивоа.

Во оваа секција учениците, покрај употребата на сликовниците, книгите, енциклопедиите, итн., можат да користат и детски списанија и илустрирани весници од забавен карактер, а место на користење ќе биде самата библиотека во Основното

училиште со ресурсен центар, просториите во Основното училиште со ресурсен центар „ Кочо Рацин” или пак домот .

Библиотекарската секција опфаќа и покарактеристични програмски задачи, освен збогатување и продлабочување на знаењето, нејзините членови се стекнуваат со соодветни искуства од оваа област, преку систематско запознавање со класификација на книгите по области, евидентирање на книгите преку водење на тетратка за евиденција, чување, обновување - односно реставрирање на постарите книги со цел да се заштити библиотечниот материјал.

Оваа секција, исто така опфаќа и организирање и презентирање на изложби на книгата од сите видови на литературно творештво и научни области.

Во рамките на нејзината работа се одвиваат литературни читања, креативно творечки работилници, литературни конкурси, средби со детски книжевни писатели, организирани посети на народни и универзитетски библиотеки и запознавање со нивниот начин на работа, организирани посети на саеми за книги итн.

Библиотекарската секција учествува и во процесот на размена и позајмување на библиотечниот материјал во рамките на локалните училишта и установи.

Зачленувањето на учениците во оваа секција се прави по претходна дискусија и избор на ученици – членови направена од страна на претседателот и членовите на секцијата и по претходна консултација и давање на предлози и мислења од страна на одделенските раководители на сите одделенија при Основното училиште со ресурсен центар.

Во секцијата можат да се зачленат ученици од сите возрасти, но најчесто се ангажираат и работат ученици од повисоките одделенија, односно ученици од VI до IX одделение.

Наша задача, пак како водачи на библиотекарската секција е да придонесеме за што помасовно членување на учениците од Основното училиште со ресурсен центар во оваа секција, а со самото тоа и кај нив да поттикнеме што поголем интерес за книгата, љубов кон книгата и развивање на чувство на одговорност за грижа и чување на книгата.

За успешна реализација на предвидените активности на библиотекарската секција потребно е максимално вложување, активирање и труд од наша страна како

нејзини водачи, имајќи во предвид дека нејзини членови се ученици со посебни потреби.

Сега, на кратко би сакала да презентирам како изгледа начинот на работата и текот на активностите на библиотекарската секција во нашето ОУРЦ каде водечката улога ја имаат ученици со ПОП во текот на една учебна година, поконкретно ќе зборувам за оваа учебна 2022/23 година која изминува. Низ оваа учебна реализирани беа низа на забавни, креативни и пред се стимулативни активности за учениците со ПОП, јас би издвоила неколку кои сметам дека оставаа огромен позитивен впечаток кај нашите ученици со ПОП.

Во текот на месец октомври беше организиран Игратон ,, Детективи во лов на литературни скриени богатства “. Целта на оваа активност беше учениците да се запознаат со улогата на библиотеката во училиштето и да развијат интерес за нејзино користење, да се поттикне развивањето на љубов кон книгата и да го збогатуваат речникот. За изведбата на оваа активност потребни беа: уредна училишна библиотека, бели листови хартија и прибор за цртање. Активноста се одвиваше на следниот начин: најпрво учениците - членови на библиотекарско – медијаторската секција со помош на одговорните наставници започнаа со преуредување на библиотеката во училиштето. Потоа, се направи листа на предизвици кои малите детективи ќе се обидат да ги одгатнат трагајќи низ страниците на книгите, сликовниците, енциклопедиите од полиците на библиотеката. Следно, малите детективи внимателно ги слушаа поставените предизвици (да ги поврзат ликовите со сликовницата или книгата во која тие се наоѓаат) и ја започнаа својата авантура. Притоа, требаше да ги следат стрелките кои ќе ги однесат до скриеното богатство и откривање на предизвиците. Детективите беа навистина успешни при следењето на стрелките кои ги носеа до пред вратата на училишната библиотека. Таму најнапред ги разгледуваа книгите на полиците, а потоа пристапија кон барање и поврзување на ликот со соодветната сликовница или книга. Имаа малку поголем предизвик низ мноштвото на книги да ги пронајдат, но ловот на литературни скриени богатства успешно беше реализиран. Следуваше разговор и потсетување на содржините на литературните дела кои ги красат полиците на библиотеката и откривање на нови непрочитани содржини.

Во текот на месец ноември за учениците кои членуваат во библиотекарската секција беше организирана посета на НУУБ ,,Св.Климент Охридски – Битола каде бевме срдечно пречекани од м – р Гордана Ѓоргиевска - Неделковски, библиотекар во библиотеката и задолжена за спроведување на тамошните активности кои следуваа. Целта на оваа посета беше преку организирани активности нашите ученици со ПОП да се запознаат со начинот на работа на универзитетската библиотека и да стекнат знаења и вештини за млади библиотекари.

Активности кои се реализираа за време на посетата на НУУБ ,, Климент Охридски “ – Битола беа следниве:

- запознавање на учениците со начинот на зачленување во НУУБ и постапката за зајмување на книги од библиотеката
- запознавање на учениците со детскот оддел за книги при НУУБ ,, Климент Охридски “ – Битола и можност на учениците да разгледуваат сликовници ,книги, енциклопедии кои кај нив пробудуваат интерес
- запознавање на учениците со музејот при НУУБ ,, Климент Охридски “ – Битола
- запознавање на учениците со начинот на работа на работилницата при НУУБ ,, Климент Охридски “ – Битола каде се обновуваат оштетените книги
- активност со учениците при одделот за возрасни каде што секој од учениците во улога на млад библиотекар ги редеше книгите кои требаше да се стават на свое место на полиците во одделот
- запознавање на учениците со просторијата за средби на писатели и творци од битолскиот крај
- запознавање на учениците со читалните при НУУБ „ Климент Охридски “ Битола со појаснување на кој начин тие би можеле да се користат.

Во текот на месец декември во ОУРЦ беше организирана акција ,, Подарувам книга јас, подари книга и ТИ “ во чест на доаѓањето на новогодишните празници. Ни беа подарени сликовници од едицијата ,, Децата го менуваат светот “од нејзиниот автор Горица Поповска Налевска каде главни ликови во приказните се токму деца со посебни потреби, па од тука оваа едиција е посветена токму на овие деца. На сликовниците им беа ставени ливчиња со редни броеви, па беа направени ливчиња за влечење со редните броеви од сликовниците. Сите ученици - членови на библиотекарската секција влечеа од лотаријата и си ја добиваа сликовницата со извлечениот број за подарок за Нова година.

Во текот на месец февруари нашите ученици од VI до IX одделение кои членуваат во библиотекарската секција го одбележаа 21 – Февруари - Меѓународниот ден на мајчиниот јазик со заедничка активност преку изработување на пораки за скапоценоста на јазикот кои беа изложени на влезните скали на ОУРЦ ,, Кочо Рацин “ како и со учество на јавниот повик од МОН од страна на ученикот Филип Наумоски од VIIIа одделение со есеј на тема „ Јазикот - мост помеѓу мене и тебе " напишан од неговите вредни раце.

Исто така, на интересен начин беше одбележан и 26ти Февруари – Светски ден на раскажување бајки во чест на бајките кои претставуваат жанр на литература во кој има фантастични и магични ликови. Формата на народни приказни, бајки има силна усна и пишана традиција ширум светот, со култури кои усвојуваат цели или делови од приказни од други култури. На овој ден преку изведба на куклени претстави специјалните едукатори и рехабилитатори им раскажуваа светски познати бајки: Грдото пајче, Волкот и седумте

јариња, Јованче и Марика, Пепелашка, Девојчето со кибритчињата, Принцезата на зрно грашок итн. на учениците со ПОП од предучилишните групи и одделенска настава. Книгите со бајки кои се раскажуваа секако беа набавени од нашата училишна библиотека.

Како пролетна активност на библиотекарската секција би го издвоила одбележувањето на Патрониот празник на нашето ОУРЦ кое го носи името на македонски книжевник , најпознат по својата поезија великанот Коста Солев Рацин за чиј повод беа подготвени рецитали од неколку наши ученици со стиховите од познатите и бесценетите ,, Денови ",, Ленка " и Копачите, стихови кои се krijат во скапоцените стихозбирки напишани од рацете на Коста Солев Рацин кои се наоѓаат на полиците на нашата мала, но толку ГОЛЕМА библиотека.

Ова се само некои од активностите на библиотеката и библиотекарската секција при ОУРЦ кои се дел од секојдневието низ воспитно - образовниот процес на нашите ученици со ПОП и со кои се стимулира нивниот образовен развој, воспитен развој, нивните животни вештини.

Книгите се прозорец кон светот, а ние токму преку книгите секој ден им го отвораме светот за нашите ученици со посебни потреби.

# Начинот на работа на библиотеката и библиотекарската секција со ученици со ПОП при Основното училиште со ресурсен центар ,, Кочо Рацин “ Битола

Camtasia Studio



Поаѓајки од ова мото во рамките на Основното училиште со ресурсен центар ,, Кочо Рацин" од Битола е организирана училишна библиотека како посебна единица на образовниот систем на училиштата наменета за воспитно – образовните и културните потреби на учениците со ПОП и наставниот кадар. За училишната библиотека и функционирањето на истата задолжени се одговорни стручни лица – водачи на секцијата и членовите на библиотекарско – медијаторската секција – ученици.

Библиотеката при Основното училиште со ресурсен центар располага со голем фонд на детска литература наменета за учениците со ПОП и со голем фонд на стручна литература наменета за стручниот кадар и за негово стручно усовршување.

Секоја учебна година, во зависност од финансиските можности на Основното училиште со ресурсен центар, а и преку добивање на донации се набавува нов фонд на литература за збогатување на училишната библиотеката, а преку Министерството за образование на РСМ и Бирото за развој на образованието секоја учебна година библиотекатата се збогатува со бесплатни учебници во согласност со наставните планови и програми за работа во тековната учебна година и тековните потреби на наставниците и учениците кои наставата ја следат во Основното училиште со ресурсен центар.

Целта на работата на библиотекарската секција, пред сé е да поттикне и развие љубов кон книгата, чувство на одговорност за нејзино чување и негување, желба за проширување на знаењата и запознавање со нови четива, раскази и песни.

---

Членовите на оваа секција можат да користат литература поврзана со наставата (учебници, работни тетратки) и литература од научно - популарен карактер, блиска за учениците и во рамките на наставните содржини, но во слободна форма за да дојдат до израз ученичките интереси и афинитети. Користењето на литературата од страна на учениците зависи од возраста и индивидуалните спообсобности и можности на самите ученици, односно литературата се користи според тежински нивоа.

Во оваа секција учениците, покрај употребата на сликовниците, книгите, енциклопедиите, итн., можат да користат и детски списанија и илустрирани весници од забавен карактер, а место на користење ќе биде самата библиотека во Основното училиште со ресурсен центар, просториите во Основното училиште со ресурсен центар ,, Кочо Рацин" или пак домот .

Библиотекарската секција опфаќа и покарактеристични програмски задачи, освен збогатување и продлабочување на знаењето, нејзините членови се стекнуваат со соодветни искуства од оваа област, преку систематско запознавање со класификација на книгите по области, евидентирање на книгите преку водење на тетратка за евиденција, чување, обновување - односно реставрирање на постарите книги со цел да се заштити библиотечниот материјал.

Оваа секција, исто така опфаќа и организирање и презентирање на изложби на книгата од сите видови на литературно творештво и научни области.

Во рамките на нејзината работа се одвиваат литературни читања, креативно творечки работилници, литературни конкурси, средби со детски книжевни писатели, организирани посети на народни и универзитетски библиотеки и запознавање со нивниот начин на работа, организирани посети на саеми за книги итн.

Библиотекарската секција учествува и во процесот на размена и позајмување на библиотечниот материјал во рамките на локалните училишта и установи.

---

Зачленувањето на учениците во оваа секција се прави по претходна дискусија и избор на ученици – членови направена од страна на претседателот и членовите на секцијата и по претходна консултација и давање на предлози и мислења од страна на одделенските раководители на сите одделенија при Основното училиште со ресурсен центар.

Во секцијата можат да се зачленат ученици од сите возрасти, но најчесто се ангажираат и работат ученици од повисоките одделенија, односно ученици од VI до IX одделение.

Наша задача, пак како водачи на библиотекарската секција е да придонесеме за што помасовно членување на учениците од Основното училиште со ресурсен центар во оваа секција, а со самото тоа и кај нив да поттикнеме што поголем интерес за книгата, љубов кон книгата и развивање на чувство на одговорност за грижа и чување на книгата.

За успешна реализација на предвидените активности на библиотекарската секција потребно е максимално вложување, активирање и труд од наша страна како нејзини водачи, имајќи во предвид дека нејзини членови се ученици со посебни потреби.

---

*Текот на активностите на библиотекарската секција при ОУРЦ ,, Кочо Рацин “ во текот на учебна 2022/23 година каде водечката улога ја имаат ученици со ПОП*

---



Во текот на месец октомври беше организиран Игратон ,, Детективи во лов на литературни скриени богатства “. Целта на оваа активност беше учениците да се запознаат со улогата на библиотеката во училиштето и да развијат интерес за нејзино користење, да се поттикне развивањето на љубов кон книгата и да го збогатуваат речникот.

За изведбата на оваа активност потребни беа: уредна училишна библиотека, бели листови хартија и прибор за цртање.

Активноста се одвиваше на следниот начин: најпрво учениците - членови на библиотекарската секција со помош на одговорните наставници започнаа со преуредување на библиотеката во училиштето. Потоа, се направи листа на предизвици кои малите детективи ќе се обидат да ги одгатнат трагајќи низ страниците на книгите, сликовниците, енциклопедиите од полиците на библиотеката.

Следно, малите детективи внимателно ги слушаа поставените предизвици (да ги поврзат ликовите со сликовницата или книгата во која тие се наоѓаат) и ја започнаа својата авантура. Притоа, требаше да ги следат стрелките кои ќе ги однесат до скриеното богатство и откривање на предизвиците.

Детективите беа навистина успешни при следењето на стрелките кои ги носеа до пред вратата на училишната библиотека. Таму најнапред ги разгледуваа книгите на полиците, а потоа пристапија кон барање и поврзување на ликот со соодветната сликовница или книга. Имаа малку поголем предизвик низ мноштвото на книги да ги пронајдат, но ловот на литературни скриени богатства успешно беше реализиран.

Следуваше разговор и потсетување на содржините на литературните дела кои ги красат полиците на библиотеката и откривање на нови непрочитани содржини.


"The only thing that you absolutely have to know is the location of the library! "
Albert Einstein
НУ Универзитетска библиотека „Св.Климент Охридски“ - Битола



Во текот на месец ноември за учениците кои членуваат во библиотекарската секција беше организирана посета на НУУБ ,,Св.Климент Охридски – Битола каде бевме срдечно пречекани од м – р Гордана Ѓоргиевска - Неделковски, библиотекар во библиотеката и задолжена за спроведување на тамошните активности кои следуваа. Целта на оваа посета беше преку организирани активности нашите ученици со ПОП да се запознаат со начинот на работа на универзитетската библиотека и да стекнат знаења и вештини за млади библиотекари.

Активности кои се реализираа за време на посетата на НУУБ ,, Климент Охридски “ – Битола беа следниве:

- запознавање на учениците со начинот на зачленување во НУУБ и постапката за зајмување на книги од библиотеката;
- запознавање на учениците со детскот оддел за книги при НУУБ ,, Климент Охридски “ – Битола и можност на учениците да разгледуваат сликовници, книги, енциклопедии кои кај нив пробудуваат интерес;
- запознавање на учениците со музејот при НУУБ ,, Климент Охридски “ – Битола
- запознавање на учениците со начинот на работа на работилницата при НУУБ ,, Климент Охридски “ – Битола каде се обновуваат оштетените книги;
- активност со учениците при одделот за возрасни каде што секој од учениците во улога на млад библиотекар ги редеше книгите кои требаше да се стават на свое место на полиците во одделот;
- запознавање на учениците со просторијата за средби на писатели и творци од битолскиот крај;
- запознавање на учениците со читалните при НУУБ ,, Климент Охридски “- Битола со појаснување на кој начин тие би можеле да се користат.












Во текот на месец декември во ОУРЦ ,,Кочо Рацин “ беше организирана акција ,, *Подарувам книга јас, подари книга и ТИ* “ во чест на доаѓањето на новогодишните празници.

Ни беа подарени сликовници од едицијата ,, Децата го менуваат светот “ од нејзиниот автор Горица Поповска Налевска каде главни ликови во приказните се токму деца со посебни потреби, па од тука оваа едиција е посветена токму на овие деца.

На сликовниците им беа ставени ливчиња со редни броеви, па беа направени и ливчиња за влечење со редните броеви од сликовниците. Сите ученици - членови на библиотекарската секција влечеа од лотаријата и си ја добиваа сликовницата со извлечениот број за подарок за Нова година.



Во текот на месец февруари нашите ученици од VI до IX одделение кои членуваат во библиотекарската секција го одбележаа 21 – Февруари - Меѓународниот ден на мајчиниот јазик со заедничка активност преку изработување на пораки за скапоценоста на јазикот кои беа изложени на влезните скали на ОУРЦ ,, Кочо Рацин “ како и со учество на јавниот повик од МОН од страна на ученикот Филип Наумоски од VIIIа одделение со есеј на тема ,, Јазикот - мост помеѓу мене и тебе " напишан од неговите вредни раце.

Исто така, на интересен начин беше одбележан и 26ти Февруари – Светски ден на раскажување бајки во чест на бајките кои претставуваат жанр на литература во кој има фантастични и магични ликови. Формата на народни приказни, бајки има силна усна и пишана традиција ширум светот, со култури кои усвојуваат цели или делови од приказни од други култури. На овој ден преку изведба на куклени претстави специјалните едукатори и рехабилитатори им раскажуваа светски познати бајки: Грдото пајче, Волкот и седумте јариња, Јованче и Марика, Пепелашка, Девојчето со кибритчињата, Принцезата на зрно грашок итн. на учениците со ПОП од предучилишните групи и одделенска настава. Книгите со бајки кои се раскажуваа секако беа набавени од нашата училишна библиотека.



Како пролетна активност на библиотекарската секција би го издвоила одбележувањето на Патрониот празник на нашето ОУРЦ кое го носи името на македонски книжевник најпознат по својата поезија, великанот Коста Солев Рацин за чиј повод беа подготвени рецитали од неколку наши ученици со стиховите од познатите и бесценетите ,, Денови ", ,, Ленка " и Копачите, стихови кои се криjат во скапоцените стихозбирки напишани од рацете на Коста Солев Рацин кои се наоѓаат на полиците на нашата мала, но толку ГОЛЕМА библиотека.




Книгите се прозорец кон светот,

а ние токму преку книгите

секој ден им го отвораме светот

на нашите ученици со посебни потреби!